

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
4/2023

# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 7 октомври 2023*

## 1. Светилиште на небото

**Авакум 3,17-19: „Макар и да не процвета смокватa, а и да нема плод по лозјата, макар и трудот на маслинката да не успее, и полињата да не донесат храна, макар и стадото да е истребено од трлото, и да нема говеда во оборите, јас и тогаш ќе се веселам во Господа, ќе се радувам во Бога на моето спасение. Господ Бог е моја сила, Тој ги направи нозете мои како на срните, и ќе ме направи да одам по височините мои.“**

### Незаслужени благослови

**„Да биде благословен Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Кој нè благослови, во Христа, со секаков духовен благослов во небесните места“. (Ефесјаните 1,3)**

Познатиот тенисер Артур Еш умрел од сида која ја добил преку трансфузија на крв во текот на операција на срцето. Еш бил повеќе од спортска ѕвезда бидејќи бил благородна личност охрабрувајќи и вдахнувајќи ги другите со своето чесно и пристојно однесување на тенискиот терен и надвор од него.

Еш можел да стане огорчен и да се сожалува себеси поради лошата болест којашто ја добил, но тој и понатаму имал пријатно држење и благодарност во срцето. Тоа го објаснил со зборовите: „Кога би се запрашал зошто токму мене ми се случи ова, тогаш би можел да се запрашам: зошто сум добил толку големи благослови во животот? Зошто го освоив Вимблдон? Зошто се оженив со прекрасна и надарена девојка со која имам прекрасно дете?„

Ставот на Еш е укор за сите нас кој често пати приговараме: „Зошто токму мене ми се случуваат овие работи? Зошто Бог дозволи токму мене да ми се случи тоа?“ Ако трпиме, не смееме да ја заборавиме Божјата милост која постојано нè поткрепува и со секојдневната храна, и со топлиот дом и со искрените пријателства. Ваквите благослови на многумина им се ускратени.

Што да кажеме за духовните благослови? Имаме можност во нашите раце да ја држиме чистата и вдахновена Божја Реч, Библијата и

од неа да читаме. Ние од неа ја запознаваме Божјата спасоносна милост, утехата на Светиот Дух и радосната сигурност на вечниот живот со Исуса Христа, нашиот Спасител и Господ. Размислете за Божјите благослови и запрашајте се: „Зошто тому мене?“ Тогаш секој приговор ќе ѝ отстапи место на благодарноста на Бога. Со непосакуваните грижи ни доаѓаат и незаслужените благослови. Му благодариме на Бога за сите негови благослови со кои секојдневно нè опсипува.

*Сабота, 14 октомври 2023*

**2. Небо на земјата**

**„Зашто Јас Господ Сум ваш Бог: осветувајте се да бидете свети, зашто Јас Сум свет!“ (3.Мојсеева 11,44)**

Ако редовно ги читате приложените текстови од Библијата, ќе забележите дека долго време не сте читале од 3. Мојсеева. Тоа е библиска книга која луѓето најчесто ја заобиколуваат, бидејќи е полна со обредни правила.

Библискиот коментар за тоа вели: „Како што законите ги делат чистите од нечистите животни, исто така Израелците морале да се потсетат дека Бог ги одвоил од останатите народи на земјата и да бидат Негов посветен народ. Човековата најголема должност е да го имитира својот Создател.“

Во левитскиот законик Бог пет пати рекол да бидеме свети како што е свет и Тој (11, 44-45; 19,2; 20,7; 26). Четерисет и пет пати Бог вели: „Јас сум Јахве, вашиот Бог“. Најважната тема во оваа книга од Библијата е дека Бог го повикува својот народ да биде свет. Исус ја повторил оваа тема кога рекол: „И така, бидете совршени, како што е совршен вашиот небесен Татко“ (Матеј 5,48).

И додека ја читате 3. Мојсеева, сетете се дека сте му посебни на Бога и дека ваша должност е да ја ширите радосната вест: „А вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, народ придобиен, за да ги прогласите славните дела на Оној, Кој ве повика од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9).

*Сабота, 21 октомври 2023*

## 3. Жртви

**Лука 14,25-33: „А кога големо множество одеше со него, Тој се заврти и им рече: ‚Ако некој дојде при Мене, а не ги намрази: татка си и мајка си, и жена си, и децата, и браќата и сестрите, па и својата сопствена душа, не може да биде Мој ученик. Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик.‘„**

**Каква е цената?**

**„Но тоа што ми беше некогаш придобивка, тоа го сметав за загуба поради Христа“ (Филипјаните 3,7).**

Пред многу години, додека Романија била под комунистички режим, Бела Кароли бил тренер на гимнастичарки. Вешто ги развивал талентите на најдобрите како Наѓа Команечи која освоила златен олимписки медал. За успехот во тренирањето на спортистките бил награден со скап автомобил и многу други привилегии. Но Бела копнеел за слобода. Еден ден, носејќи само едно мало куферче, одлучил да побегне од Романија во слободниот свет без какви било средства за живот.

И за нас постои висока цена која треба да ја платиме ако сакаме да го следиме Исуса Христа кој ни нуди слобода. Кога рибарите Петар и Андреј го слушнале Исусовиот повик: „Дојдете по Мене и Јас ќе ве направам рибари на луѓе!„, тие „веднаш ги оставија мрежите и Го следеа“ (Матеј 4,19.20) Исто така и Јаков и Јован го оставиле својот Татко и неговата работа за да го започнат несигурниот живот патувајќи со својот Учител, кој немал „каде глава да засолни“ (Лука 9,58). Биле свесни за цената која треба да ја платат и храбро тргнале да го следат Исуса, оставајќи зад себе сè што имале (стихови 21 и 22).

Каков пример за сите кои тврдат дека се Исусови ученици! Тој рекол: „Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик“ (Лука 14,27).

Дали сме подготвени да принесеме помала или поголема жртва за нашиот Господ Исус Христос? Да одговориме на Исусовиот повик: „Врви по мене!„- не само со зборови туку и со дела.

*Сабота, 28 октомври 2023*

## 4. Поуки од светилиштето

**Јован 7,37-44: „А во последниот, големиот ден на празникот Исус застана и извика, велејќи: ‚Ако е некој жеден, нека дојде при Мене и нека пие. Кој верува во Мене - како што е кажано во Писмото - ‚од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода.‘ Тоа го рече пак за Духот, Кого ќе Го примат оние, кои веруваат во Него; зашто Духот уште не беше слезен, зашто Исус уште не беше прославен.“**

**Потоци на жива вода**

„Кој верува во Мене - како што е кажано во Писмото - „од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода“ (Јован 7,38).

Под глечерите на ближните планини извира бистра студена вода. Таму многумина доаѓаат со садови за да наполнат свежа изворска вода. Водата ја гаси жедта и го поттикнува животот. Во Библијата водата често пати го претставува дејствувањето на Светиот Дух. Во Исусово време, во текот на празникот Сеници. Хорот пеел додека свештениците ги полнеле златните стомни со вода која подоцна ја излевале. Тоа ги потсетувало сите присутни на водата која излегла од карпата кога нивните предци талкале во пустината (4. Мојсеева 20,8-11).

Додека се вршел овој обред, Исус застанал и проговорил со силен глас: „Кој верува во Мене - како што е кажано во Писмото - „од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода“ (Јован 7,38). Овој извор на вода е силата на Светиот Дух кој единствено може да ја задоволи духовната жед (7,39). Порано Исус изрекол важно тврдење дека секој верник може да има постојан извор на духовно освежување: „А кој пие од водата што Јас ќе му ја дадам нема да ожедни довека, туку водата што ќе му ја дадам, ќе стане во него извор на вода, извирајќи во вечен живот“ (Јован 4,14).

Дали во денеска сте жедни? Признајте му ги на Исуса своите гревови и Тој ќе ве исполни со Светиот Дух. Додека ја слушате Неговата волја, Тој милостиво ќе ве исполни со водата на животот која води во вечен живот. Единствено Исус е извор на жива вода која може да ја изгасне нашата духовна жед.

*Сабота, 4 ноември 2023*

**5. Помирувањето- жртва за очистување**

**Исаија 53,4-10: „А Тој ги понесе нашите болести, ги зеде врз себе нашите болки, додека ние сметавме дека Бог Го бие и Го понижува. За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него, преку Неговите рани ние се исцеливме. Сите скитавме како овци, и секој одеше по својот пат. А Господ ги возложи на Него беззаконијата на сите нас. Го измачуваа, а Тој оставаше, и не ја отвори Својата уста. Го одведоа како јагне на колење; како овца нема, пред оние што ја стрижат, не ја отвори Својата уста... Да, од земјата на живите го отстранија Него, за гревовите на Неговиот народ, го ранија на смрт...“**

**Гревот е страшен**

**„За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него, преку Неговите рани ние се исцеливме“ (Исаија 53,5).**

Болка. Ужасна, страшна и неподнослива болка. Неверојатна, неиздржлива и неискажана болка. Со секој свиреп удар на камшикот како и болките кои ги трпел додека се качувал на патот до Голгота, нашиот Спасител Исус Христос врз себе ја носел казната за нашите гревови.

Денеска, кога живееме добро и удобно, често пати гревот многу лесно го сфаќаме. Се прашуваме: зошто се крева толкава врева околу него? Всушност, нашиот грев и не е толку страшен. Кога малку ќе излажеме или ќе измамиме некого, зошто треба да се крева толкава бучава, зар тоа некому му пречи? Кога озборуваме некого или кога некого ќе му упатиме избувливи или погрдни зборови, зар со тоа може да му наштетиме? Зошто гревот е толку страшен?

Гревот е страшен, бидејќи Исус го поднел на своето тело. Да, нашиот грев бил причина за страдањата кои Исус ги поднел додека го носел крстот до Голгота каде што бил распнат и конечно умрел со страшна смрт наместо нас.

Секако, не може да го исправиме она што е веќе направено. Таа болка што Исус ја поднел, не може да биде отстранета ниту, пак, може да се врати состојбата пред Неговите страдања. Но, сепак мора да сфатиме дека кога и понатаму свесно грешиме, на одреден начин го

вртиме грбот на Исусовите страдања и на Неговата жртва. Тоа е исто како да велиме дека Исусовите страдања немаат голема поврзаност со нас и гревовите кои ние сме ги предизвикале. Како да велиме дека не ни е грижа за сето тоа што се случува. Како да велиме дека си сакаме да го правиме само она што нам ни се допаѓа. Грешењето, во светлината на Исусовиот крст, значи на Исуса да му кажеме дека Неговите страдања ништо не ни откриле за стравотијата на гревот. Бог нека ја прости нашата рамнодушност кон Исусовите страдања. Бог нека ни помогне да ја цениме неговата жртва и големината на делото што Тој го направил за нас.

*Сабота, 11 ноември 2023*

## 6. Денот на помирување

Галатјаните 5,16-26: „А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото, зашто телото копнее против Духот, а Духот против телото; зашто тие се противат еден на друг, за да не го правите она, што сакате. Но, ако Духот ве води не сте под Законот. А делата на телото се познати; тоа се: блудство, нечистота, бесрамност, идолопоклонство, вражања, непријателства, препирка, ревнување, гнев, себичност, раздори, кривоверства; зависти, убиства, пијанства, срамни гозби, и слични на овие, за кои ви зборувам однапред, како што ви реков и порано: дека оние, кои прават такви работи, нема да го наследат Божјото Царство. А плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата; нема закон против вакви нешта. А оние кои се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти. Ако живееме во Духот, нека и да Го следиме Духот! Да не бидеме полни со суетно славољубие! Да не се предизвикуваме еден со друг! Да не си завидуваме еден на друг!„

**Усовршување на светоста**

„И така возљубени имајќи ги овие ветувања, да се очистиме од секоја телесна и духовна нечистотија, доврвшувајќи ја својата светост во страв пред Бога“ (2. Коринќаните 7,1).

Неколку седмици не ја обработував градината и забележав колку брзо целата градина зарасна со плевел. Имено, плевелот не треба да

се одгледува. Штом му се дава шанса, тоа слободно ќе почне да расте секаде и кај секој кој му остава време и почва. Садниците на прекрасното цвеќе бараат полевање и исхрана со посебни додатоци за земјата во кое е опфатено и корнење на несаканите растенија кои растат меѓу цвеќињата. Цвеќето успева само со грижата на оној кој не се плаши да ги извалка прстите со земја.

Исто така и христијанскиот живот бара вредна и трудољубива работа. Потребно е човек целосно да му се предаде на Исуса Христа: телото, умот, чувствата и волјата со цел неговиот живот да биде исполнет, целосен, привлечен и со вдахнатост за служба на другите. Дури и тогаш, трњето на себичноста и грешните побуди и ставови може да порасне и да ги задуши плодовите на духот (Галатите 5,22.23): „А плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата; нема закон против вакви нешта.“

Ова било проблем за многу верници во Коринт. Ги задушиле трњето на зависта и поделбата (види Коринќаните 7,1). Бог и денес на посебен начин е со нас и сака да ни помогне да се свртиме назад кон светлината на вистината која ни е откриена за да станеме свесни за присутноста на трњето во нашиот живот. Тој е подготвен да ни помогне да го отстраниме од телото и духот пред целосно да нè уништи, со цел и пред другите да биде јасно видлива убавината на Исусовиот карактер.

*Сабота, 18 ноември 2023*

### 7. Христос- наша жртва

**Марко 15,24-38: „Потоа Го распнаа и ги разделија Неговите облеки, фрлајќи жрепка за нив - кој што да земе. А беше третиот час, кога Го распнаа. 26 И беше напишан натпис, што ја означуваше Неговата вина: ‚Јудејски Цар.‘ И со Него распнаа двајца разбојници; едниот оддесно, а едниот одлево, до Него. И се исполни Писмото кое вели: „И Го вброија меѓу злосторници.“**

**Оние кои минувале**

„А минувачите го хулеа, вртејќи со своите глави“ (Марко 15,29)

Замислете ги луѓето кои минувале покрај Спасителот додека висел на крстот. Колкава била нивната бесчувствителност! Но пред да ги

осудиме, треба да се сетиме дека и во денешно време тоа многумина го прават, па дури и оние кои ги сметаме за Негови следбеници. Таквите минувачи може да ги поделиме на три групи:

**Прво, оние кои го посакуваат крстот без Христа.** Може да се обожава симболот без Спасителот на него. Некои на ланчето околу вратот носат мал дрвен и златен крст, но овој предмет никогаш нема да ги ослободи од ниту еден грев. Единствено Исус Христос нè откупува од гревовите со својата пролеана крв на Голготскиот дрвен крст.

**Второ, оние кои го сакаат Христа без крстот.** Го посакуваат како моќен победник, но не и како жртвено јагне. Тие велат: помогни си себеси и слези од крстот". Многумина сакаат да го следат добриот пример на големиот Учител кој бил победоносен цар. Нивното евангелие се нивните добри дела. Тие го презираат Евангелието кое објавува дека се оправдуваме единствено со вера во Оној кој на крстот ја пролеал својата крв за очистување на нашите гревови.

**Трети се оние кои не го сакаат Христа ниту пак Неговиот крст.** Не ги допира Неговата мака. Неговата смрт не ги поттикнува на одлука, ниту пак сметаат дека би требало да се покаат поради своите гревови коишто Тој ги поднел на голготскиот крст.

На крајот ќе има многу изненадувања. Многумина коишто денеска стојат во друштво на оние кои се спасуваат, наскоро ќе преминат во една од овие три групи, особено во моментите кога општеството ќе почне да врши притисок во подготовката за конечно отфрлање на Христа. Оној кој мисли дека стои треба да внимава да не падне. Да го преиспитуваме сопствениот живот. Да го искористиме овој ден за одмор и за остварување заедница со Бога со цел вистински да престојуваме во Неговата присутност и на тој начин да бидеме конечно заштитени од бурата која сигурно ќе настапи.

*Сабота, 25 ноември 2023*

## 8. Христос- наш Првосвештеник

**Повредените слушаат**

„Ги видов страдањата на својот народ во Египет - продолжи Господ - и му ја чув тужбата против неговите угнетувачи" (2. Мојсеева 3,7).

Кога доживуваме голема жалост или кога ќе се најдеме во тешки околности, можеби сме обесхрабрени кога некој ќе ни каже дека од

неволјите секогаш може да излезе нешто добро. Добронамерната личност која настојува да нè охрабри да се надеваме во Бога и Неговите ветувања, можеби ни се чини дека е нечувствителна и нереална кон нашите тегоби.

Тоа им се случило на Евреите кога Бог го планирал нивното избавување од египетското ропство. Фараонот секој следен пат кога ги слушал барањата на Мојсеј добиени од Бога да го пушти Неговиот народ, станувал уште посуров и со потврдо срце. Тој ја зголемувал тешката работа на еврејските робови. Ги присилувал самите да собираат слама за изработка на цигли (2.Мојсеева 5,1-10). Евреите толку се обесхрабриле што не можеле да му веруваат на Мојсеја дека Бог ги слушнал нивните вопли со ветување дека ќе ги поведе во новата земја која ќе биде нивна сопственост (6,9).

Понекогаш ни се случува страдањата и стравовите да ни ги „затворат ушите“ за да не ги слушнеме Божјите пораки кои донесуваат надеж. Но, Бог и понатаму се грижи за нас, дури и во моментите кога не изгледа така. Исто така правел кога го избави својот народ од египетското ропство.

И додека го доживуваме Божјето сочувство, Неговата грижа и љубов, повторно ќе ги слушнеме Неговите пораки, па и во моментите кога се зголемуваат тешкотиите а страдањата стануваат неиздржливи. Бог се грижи за своите деца. Дури и кога не ја чувствуваме Неговата присутност, Неговата љубов и грижа постојано нè опкружуваат. И денес нека ни помогне уште посилно да се надеваме во Него.

*Сабота, 2 декември 2023*

## 9. Предадвентен суд

Псалм 14: „Безумникот рече во своето срце: ‚Нема Бог!‘ Се расипаа; нивните дела се гнасни нема кој да прави добро. Господ гледа од небесата на човечките синови за да види дали има некој разумен: кој да Го бара Бога. Сите свртија заедно, сите се расипаа; нема кој да прави добро, нема ниеден. Зар нема да се вразумат сите, кои беззаконуваат, кои ги голтаат Моите луѓе како да јадат леб? И не Го повикуваат Господа? Таму ќе затреперат од голем страв, зашто Бог е во

праведно поколение. Ги засрамивте намерите на бедниот; но Господ е негово прибежиште. О, нека дојде од Сион, спасението на Израел! Кога Господ ќе ги врати заробениците од Својот народ, тогаш ќе се зарадува Јаков и ќе се развесели Израел.“

**Кажи збор**

„Сите свртија заедно, сите се расипаа, нема кој да прави добро, нема ниеден“ (Псалм 14,3).

Луѓето во денешно време многу ретко го користат зборот „грев“. Кога ќе направиме нешто лошо, велиме дека сме се „однесувале недолично„, сме направиле „тактичка грешка“ или „не сме успеале“. Можеби ќе се осмелиме да кажеме дека сме направиле некое лошо дело. Ми се чини дека ние како луѓе сме почнале да веруваме во нашата вродена добрина.

Ние постапуваме според овој модел наспроти бројните материјални и духовни показатели кои сосема спротивно дејствуваат. И додека сме на ова богослужение, да имаме на ум дека во некои други делови на светот верниците ги прогонуваат и ги убиваат. Дела се случуваат големи воени насилства на многу места низ целата земја. А што да кажеме за милионите неродени деца кои се убиени во абортуси ширум светот само поради удобниот живот на нивните мајки и отсутноста на одговорност кај татковците? Што е со несовесниот родител кој го злоупотребил своето дете? Што се случува со пијаниот возач кој усмртил цело семејство?

Злото не исчезнало од лицето на земјата. Како Исусови следбеници, ние мора цврсто да се спротивставиме на настојувањата на овој свет кој сака да ја намали реалноста на гревот. Мора да се сложиме со Бога дека „нема кој да прави добро“ (Псалм 14,3).

Гревовите на народот многу полесно се признаваат отколку личните гревови на поединците. Ние мора да го признаеме секој поединечен грев што сме го направиле и со тоа сме го навределе светиот Бог. „Ако речеме дека не сме згрешиле Него го правиме лажец и Неговото слово не е во нас“ (1. Јованово 1,10).

Нашите гревови треба да ги именува со вистинското име за да може Бог да ни прости. Исусовата крв може да нè очисти од секој грев, но не ги оправдува нашите оправдувања.

*Сабота, 9 декември 2023*

## 10. Есхатолошки ден на помирување

**1. Петрово 2,1-10: „И така, положете ги настрана: секоја злоба и секаква измама, и лицемерство, и завист, и секаква клевета. Како новородени деца, копнејте по чисто духовно млеко на словото, за да пораснете преку него за спасение, ако сте вкусиле дека Господ е добар. Пристапете при Него, живиот Камен, Кого навистина луѓето Го отфрлија, но Кој е од Бога избран, и скапоцен, та дозволете од самите вас, како живи камења, да се изгради духовен дом, свето свештенство, за да принесувате духовни жртви, кои Му се пријатни на Бога, преку Исуса Христа... А вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, народ придобиен, за да ги прогласите славните дела на Оној, Кој ве повика од темнина во Својата чудесна светлина; вие кои некогаш не бевте народ, сега сте Божји народ; вие кои некогаш не бевте помилувани, сега сте помилувани.“**

**Духовен глад**

**„Еве доаѓаат денови- говори Господ Бог - кога ќе испратам глад на земјата, не глад за леб ни жед за вода, туку за слушање за зборовите на Господа“ (Амос 8,11).**

Во романот „Ни тревно влакно“ е опишано како опасен вирус ја напаѓа тревата во целиот свет, но не само тревата на полињата и во градините, туку тревата во целиот свет меѓу кои и пченицата, ’ржот, јачменот, овесот и оризот. Во рок од неколку месеци во светот завладеал општ глад, а со тоа и општо насилство. Луѓето почнале меѓусебно да се тепаат и да се убиваат за да приграбат храна.

Овој роман ги прикажува сцените кои се случувале во вистинскиот свет, во земјите каде што завладеал глад, а примерите на насилство и убивање се прикажани во телевизиските вести.

Пророкот Амос пишувал за еден поинаков глад. Тој го нарекува глад за „слушање на Господовите зборови“. Додека недостатокот на храна предизвикува разни болести а на крајот и смрт, гладта за Божјата реч може да доведе и до поголеми последици. Без пристап до Божјата реч, ќе ни недостасува животна мудрост и пораката за вечниот живот во Исуса Христа. На христијанинот му е потребна духовна храна, „како новородени деца копнејте по чисто духовно млеко на

словото, за да пораснете преку него за спасение“ (1. Петрово 2,2). Може да се поистоветиме со пророкот кога рекол: „Кога ми дојдоа твоите зборови јас ги голтав: Твоите зборови го восхитија и зарадуваа моето срце“ (Еремија 15,16).

Светот гладува за познавањето на Бога, кој единствено може да ги задоволи потребите на човековото срце. Да помогнеме празните човечки срце да се исполнат со Божјата порака која се наоѓа во Библијата.

*Сабота, 16 декември 2023*

## 11. Понизни пред Бога

**Мудри изреки 9,9: „Поучи го мудриот и ќе биде уште помудар, упати го праведниот и ќе се зголеми неговото знаење.“** Понизниот верник кој послушно сака да одговори на Божјиот повик може да биде сигурен дека ќе прими Божја сила и помош за да стекне мудро срце. Со тоа што прифаќа толку големи и свети одговорности, тој го облагородува својот карактер. Кога човек ги прифаќа Божјите совети, кога размислува за таа божествена мудрост и ја прима во срцето, таа ги поттикнува сите умни и духовни сили, го зајакнува и го чисти срцето. Ако покаже доверба во Божјата сила, можеме да се восхитуваме колку слабиот може да стане силен, колку решителни можат да бидат неговите напори, колку успешни можат да бидат резултатите на неговата работа!

Оној што можеби почнува со малку знаење, скромно и понизно, истовремено трудејќи се да стекне повеќе знаење, ќе заклучи дека на располагање му стојат сите небесни ризници. Колку повеќе се труди да го прошири своето познавање на библиската вистина, примајќи ги божествени совети, тој сè повеќе и повеќе ќе прима светлина од Бога. Колку повеќе прима светлина од Бога толку повеќе расте и неговата вера и доверба во Божјото водство во неговиот живот.

Бог нека ни помогне неговата светлина денеска да го осветли секое катче од нашата душа.

*Сабота, 23 декември 2023*

## 12. Космичкиот конфликт околу Божјиот карактер

**Колошаните 3,1-7: „И така, ако воскреснавте со Христа, барајте го она што е горе - каде што Христос седи оддесно на Бога. Мислете за она што е горе, не за она што е на земјата, зашто вие умревте и вашиот живот е сокриен со Христа во Бога! А кога ќе се јави Христос, нашиот живот, тогаш и вие ќе се јавите со Него во слава. И така, умртвете ги своите членови што се на земјата: блудството, нечистотата, страста, лошата желба и лакомството, што е идолопоклонство, заради кои доаѓа Божјиот гнев на непослушните синови. Меѓу кои и вие некогаш одевте, кога живеевте во нив.“**

**Увид во вечноста**

**„Мислете за она што е горе а не за она што е на земјата“ (Колошаните 3,2).**

Во филмот „Гладијатор“ војсководачот Максимус Децимус Меридус настојува да ги поттикне своите коњаници добро да се борат во очекуваната битка против Германите. Се обратил до своите воини и им рекол да го дадат најдоброто од себе. Ја изговорил познатата реченица: „Она што го правиме во животот одекнува во вечноста“.

Овие зборови на измислениот војсководач ни пренесуваат силна порака која е од особено значење за Христовите следбеници. Не сме на оваа земја која како огромен камен лебди во вселенскиот простор само да го трошиме времето и просторот. Тука сме да ја искористиме секоја прилика која ќе влијае на нашиот живот во вечноста.

Исус рекол: „Туку собирајте си богатство на небото, каде што ниту молец нити ’рѓа ги уништува и каде што крадци не поткопуваат и крадат“ (Матеј 6,20). Имајќи го ова предвид, треба да живееме за вечноста, а сето тоа многу ќе влијае на светот во кој се наоѓаме. Како да научиме да ги издигнуваме мислите кон она што е горе? Добар начин е да почнеме да ги откриваме важните работи за Бога. Страниците на Библијата нè потсетуваат дека на Бога му се поважни луѓето од сите материјални работи и карактерот што сме го изградиле од оној што го претставуваме. Овие вистини се вечни. Ако ги прифатиме и според нив го насочуваме сопствениот живот, ќе стекнеме увид во вечноста кој ќе влијае на нашиот секојдневен живот, на секој изборот што го правиме. А нашиот карактер и нашите постапки во овој живот, навистина ќе одѕвонуваат низ целата вечност.

*Сабота, 30 декември 2023*

## 13. Опомени од Светилиштето

**Прочитајте Псалм 91.**

**„Зашто им заповеда на своите ангели да те чуваат на сите твои патишта“ (Псалм 91,11).**

Чувството на сигурност е многу важно во денешниот несигурен и опасен свет. Приватната фирма за обезбедување гарантира дека внимателно ќе работи за да го обнови чувството на сигурност кое го заслужуваат поединецот и неговото семејство.

Псалмистот пронашол „тајно место“ на сигурност, кога се чувствувал несигурен (Псалм 91,1). И ние можеме да почиваме во сигурност на истото место. Тој го опишува со следните зборови:

**„Под закрилата на Севишниот “ (1 стих)**. Сенката ни дава заштита од директните сончеви зраци. Ако сончевото зрачење е големо, сенката го намалува зрачењето и бранот на жештина. Исто така, кога се наоѓаме под закрилата, под сенката на моќната Божја реч, тоа ќе ја ублажи жестината на нашите неволји.

**„Прибежиште мое и тврдино моја“** (2 стих). Бог е најсилниот заштитник кој може да го имаме и секогаш, во секое време, во секоја секунда, можеме да ја побараме Негова помош и заштита. Ништо не може да го спречи да допре до нас, освен ако неволјите не се дел од Неговиот план за нашето општо добро.

**Ќе те заштити со своите крилја (4 стих).** Бог е нежен и внимателен. Тој се грижи за нас како птицата која се грижи за своите пилиња. Кога ќе наидат неволји, Тој нè привлекува кај себе, нè приврзува за себе. Не мора да се плашиме дека ќе нè напушти или ќе нè отфрли. Ние сме Негови.

**„Зашто Господ е твое засолниште“ (9 стих).** Нашиот небесен Отец ќе ни биде засолниште и пребивалиште за вечни времиња.

Вистинската сигурност можеме да ја најдеме единствено во Господа Бога, кој ветил дека ќе нè спаси и секогаш ќе биде со нас: „Ќе Ме повика, а јас ќе го услишам, со Него ќе бидам во неволја, ќе го спасам и ќе го прославам. ќе го наситам со многу денови, ќе му го покажам Моето спасение“ (15 и 16 стих). Најсигурен е Оној кој се наоѓа во Божјите раце.

ГРАДИВО 4/2023
Уводни стихови

Излегува тримесечно

Издава:
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

Подготовка:
Мелита Томовска

Одговара:
Томе Трајков

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА